

Успехот на една компанија е директно поврзан со способноста на нејзините менаџери да го поттикнат најдоброто во секој вработен, да извлечат максимум од тимот како целина, навреме да ги согледаат заканите во опкружувањето и да применат соодветни пристапи за организациско прилагодување и промени.

На оваа обука, искусните менаџери можат да ги освежат своите мисли, да научат нови техники и вештини и да споделат искуства во флексибилна атмосфера за учење. МЦМС нуди сет модули на неколку теми: лидерство, вештини за раководење и донесување одлуки. Обуката овозможува работење на темите и практикување на вештините подлабоко отколку на претходните обуки.

**Содржина**

- Раководење и управување со организација;

**Лидерство**

- градење на тим;

- фактори кои влијаат на ефективната тимска работа;

- Теории за лидерство
- Стилови на лидерство
- Разлика меѓу лидер и менаџер
- Оценка на менаџмент улоги и вештини

**Менаџерски вештини**

- Стратешко размислување
- Управување со промени и водење на компанија која учи
- Комуникациски вештини и давање фидбек
- Методи за делегирање
- Менаџирање на дивергентни очекувања
- Градење доверба
- Презентациски вештини
- Преговарачки вештини

**Донесување одлуки**

- Фацилитаторски вештини и ефективно водење состаноци
- Групно донесување на одлуки
- Охрабрување на учество на вработените
- Алатки за донесување на одлуки базирани на информации и анализа: СВОТ, ПЕРТ, cost benefit анализа, матрица за соработка и др.
- Организациска култура и организациско учење